Друштво за трговија и услуги
РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО
Бр. 11-26682/1
08.10.2025 год.
СКОПЈЕ

# ПРЕДМЕТ:

Официјални правила
на Наградната игра "20 години Рамстор - заедно растеме!"

## Член 1

## ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Официјално име на Наградната игра е:

"20 години Рамстор - заедно растеме!"

Организатор на наградната игра: Рамсторе Македонија ДОО, со седиште на Ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје (Контакт адреса: ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје) (во понатамошниот текст Организатор).

## Член 2

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра ќе се одржи во период од 17.10.2025 - 14.12.2025год.

## Член 3

## ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА / ОРГАНИЗАТОР

Целта на оваа наградна игра е рекламирање на услугите на организаторот.

## Член 4

## ОПИС НА НАГРАДНАТА ИГРА

Член 4.1

### Територија на наградната игра

Наградната игра ќе се спроведува во сите Рамсторе маркети во Скопје, Тетово, Куманово, Кичево, Охрид, Струга, Струмица, Велес и онлајн продавницата **Рамсторе до дома, Р Поп Ап Стор 1, Р Поп Ап Стор 2,** како и во сите продавници на Рамсторе Мол на следниве адреси:

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
VI

| Ред.бр | МАРКЕТ | АДРЕСА |
|---|---|---|
| 1 | ВАРДАР | ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје |
| 2 | СИТИ МОЛ | ул. Љубљанска бр.4, Скопје |
| 3 | ТАФТАЛИЏЕ | ул. Московска 6б, Скопје |
| 4 | КАРПОШ | ул. Прашка бр. 11/2 Лок. 1-7, Скопје |
| 5 | ПАРК | ул. Орце Николов бр.186, Скопје |
| 6 | ЏЕВАХИР | ул. Матеја Матевски  бр. 20,Скопје |
| 7 | ГОРНО ЛИСИЧЕ | ул. Февруарски Поход бр.46, Скопје |
| 8 | КАПИТОЛ | Бул. Јане Сандански бр.71А, Скопје |
| 9 | КАПИШТЕЦ | ул. Васил Ѓоргов бр.20А, Скопје |
| 10 | ДЕБАР МААЛО | ул. Благој Давков бр..2, Скопје |
| 11 | ВОДНО | ул. Тодор Александров бр.83, Скопје |
| 12 | АЕРОДРОМ | ул. Милан Зечар бр.6, Скопје |
| 13 | СТАР АЕРОДРОМ | ул. Фрањо Клуз бр.6, Скопје |
| 14 | МИЧУРИН | ул. "Венијамин Мачуковски" бр.36, Скопје |
| 15 | ТОПАНСКО ПОЛЕ | ул. Ферид Мурати бр.5, Скопје |
| 16 | СЕВЕР | ул. Втора Македонска Бригада бр.23, Скопје |
| 17 | ТЕТОВО | ул. Скопски Пат бр.8 , Тетово |
| 18 | ТЕТОВО3 | ул. Ван Вардарска бр.1, Тетово |
| 19 | СТРУГА | ул. Маршал Тито бр.116А, Струга |
| 20 | ОХРИД | ул. Св. Климент Охридски бр.1, Охрид |
| 21 | ОХРИД ЕКСПРЕС | ул. Јане Сандански бр.98А, Охрид |
| 22 | ОХРИД ТУРИСТИЧКА | Бул. Туристичка бр.42А, Охрид |
| 23 | КИЧЕВО | Бул. Ослободување бр.1, Кичево |
| 24 | КУМАНОВО | ул. 3-та Македонска Ударна Бригада бр.68, Куманово |
| 25 | СТРУМИЦА | ул. Благој Јанков - Мучето бр.16, Куманово |
| 26 | СТРУМИЦА БУЛЕВАР | ул. Гоце Делчев бр. 42, Куманово |
| 27 | ВЕЛЕС | ул. 8-ми Септември бр. 57, Велес |
| 28 | РАМСТОРЕ ДО ДОМА СКОПЈЕ | ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје |
| 29 | Р ПОП АП СТОР СКОПЈЕ | ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје |
| 30 | Р ПОП АП СТОР 2 СКОПЈЕ | Бул. Јане Сандански бр.71А, Скопје |

| No | Company Name | Brand Name |
|---|---|---|
| 1 | AIDA BEDRI SARA^INI | AIDA SARAKJINI |
| 2 | ALBI FASHION | Fifty Fifty |
| 3 | AMBRELA KORPORACIJA DOO | AMBRELA - KIOSK |
| 4 | ANHO^ DOOEL | ANHOCH |
| 5 | ADZIKO DOOEL | ADZIKO |
| 6 | BISER KOMPANI | MENUVACHNICA |
| 7 | BAKERI-MA | PEKON |
| 8 | CM DELTA DOO | L'OCCITANE MULTIBRAND |
| 9 | DE-TA DEJAN (PENTI) | SARA FASHION |
| 10 | DIPROM DOO(AVIS) | AVIS |
| 11 | DORUK DOO | ANATOLIJA |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | DRZAVNA LOTARIJA | DRZAVNA LOTARIJA |
| 13 | Duki Daso | DUKI DASO |
| 14 | ELLOXY | ELLOXY |
| 15 | EURO FARM | EURO PHARM |
| 16 | GAMA OIL PETROL DOOEL | ELOVO KAFE |
| 17 | GRIN KAFE | GRIN KAFE KIOSK |
| 18 | IKL-M(EXPRESS CLEANING) | IKL - M |
| 19 | IKONA KNIZARA | IKONA |
| 20 | JOJO IGRA | JOJO IGRA |
| 21 | Koncept | REBECCA |
| 22 | KLEVER TEKSTIL | WEMARK |
| 23 | KOTON MAGAZAXILIK DOOEL | KOTON |
| 24 | KR[ DOOEL | KRS |
| 25 | KUPIMOMENT | KUPI MOMENT |
| 26 | Lio Kafe Mall | LIO KAFE |
| 27 | LPP MACEDONIA DOOEL | SINSAY |
| 28 | MAGNETIK | OLTRE<br>CARPISA<br>FIORELA RUBINO<br>GERRY WEBER<br>LIO JO<br>MOTIVI<br>WEEKEND MAX MARA |
| 29 | MIS SPAJS AKSESORIS DOOEL | MISS SPICE |
| 30 | NANA | NANA |
| 31 | OFIS PLUS | OFFICE PLUS |
| 32 | OHRIDSKI BISER | ISKRA PERLS |
| 33 | PARFIMERIJA PLAZZA | ELIKSIR PLAZA |
| 34 | Sabedin Ejupi | SABEDIN EJUPI |
| 35 | SITI GRIL | CITY GRILL |
| 36 | STUDIO MODERNA | TOP SHOP |
| 37 | T MOBILE | T-MOBILE |
| 38 | TAB LIMITED | BURGER KING |
| 39 | TIM KORPOREJ[N | KLIMA MK |
| 40 | TOM TAILOR | TOM TAILOR |
| 41 | TUDORS DOOEL(COBALT) | COBALT |
| 42 | UFI-R Rahmetula Isak Ahmed | UFI |
| 43 | LEDIKOM GRUP DOOEL | LEDIKOM |
| 44 | VO^ KLUB DOOEL Skopje | WATCH CLUB |
| 45 | FASHION MODA | CONCEPT 52<br>LUIZA SPAGNOLI<br>MAX & CO |
| 46 | ZVEZDEN OKEAN MEISAN | KINESKI RESTORAN |

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

Член 4.2

## ПРАВИЛА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра "20 години Рамстор, заедно растеме!" започнува на 17.10.2025 во 08:00 часот и завршува на 14.12.2025 година во 22:00 часот.

1. Право на учество во наградната игра имаат сите полнолетни купувачи, чии фискални сметки имаат вредност од 1000 денари и повеќе и во сметката содржат барем еден производ од следниве брендови:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Лино | Craft Синалко | Краш | KRS |
| Бубало | Браво | Агротехна | KUPI MOMENT |
| Бамби | Марс | Персил | LIO KAFE |
| Бако Тајм аут | Подравка супи | Сомат | SINSAY |
| Чеза | Злато Поље | Ариел | OLTRE |
| Чипси | 7 Дејс | Памперс | CARPISA |
| Линт | Јес Флипс | Хед & шолдерс | FIORELA RUBINO |
| Лоакер | Пица Италиана | Boom box | GERRY WEBER |
| Европа | Виталиа | Фино | LIO JO |
| Стоби Флипс | ЕТИ | Гарниер Колор Натурал | MOTIVI |
| Маги | Пионир | Ла Риве | WEEKEND MAX MARA |
| Дивела | Перфето | Грекос | MISS SPICE |
| Рошен | Леона | Баланс + | NANA |
| Мега чипс | Штарк | AMBRELA - KIOSK | OFFICE PLUS |
| Здравје Радово | Марбо | ANHOCH | ISKRA PERLS |
| Перутнина | Бусто | ADZIKO | ELIKSIR PLAZA |
| Кри Кри | Нутрино | MENUVACHNICA | SABEDIN EJUPI |
| Фурна Диме | Аргета | PEKON | CITY GRILL |
| Збрегов | Рибо продукт | L'OCCITANE | TOP SHOP |
| Мегле | Сандеј | MULTIBRAND | T-MOBILE |
| Зденка | Јухор | SARA FASHION | BURGER KING |
| Фритосо | Перфекс | AVIS | KLIMA MK |
| Мек Кејн | Дове | ANATOLIJA | TOM TAILOR |
| Олимпус | Бекутан | DRZAVNA LOTARIJA | COBALT |
| Фереро -свежо | Екстрим парфеми | DUKI DASO | UFI |
| Вици | Еври Деј | ELLOXY | LEDIKOM |
| Хајникен | Колгејт | EURO PHARM | WATCH CLUB |
| Пелинковац Бадел | Листерин | ELOVO KAFE | CONCEPT 52 |
| Парагон вино | Септона | GRIN KAFE KIOSK | LUIZA SPAGNOLI |
| Горки Лист | Сапониа | IKL - M | MAX & CO |
| Хеба | Палома | IKONA | KINESKI RESTORAN |
| Стоби вино | Нивеа | JOJO IGRA | AIDA SARAKJINI |
| Фрутекс | Савекс | REBECCA | Fifty Fifty |
| Тиквеш Александрија | Сенсодине | WEMARK | |
| Златен даб | ФА | KOTON | |

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
VI

2. Времетраењето на наградната игра е од 17.10.2025 година до 14.12.2025 година. Во наградната игра ќе учествуваат фискалните сметки издадени во периодот 17.10.2025 до 14.12.2025 – од 08:00 до 22:00 часот.

3. Доколку постојат фискални сметки направени точно до 22:00 часот на 14.12.2025, истите ќе се земат во предвид и ќе имаат право на учество доколку се пријават најдоцна до следниот ден до 12:00 на инфо пултовите лоцирани во секој Рамсторе маркет каде што ќе бидат давани купоните за учество во наградната игра.

4. Извлекување на наградите ќе се одржи на 19.12.2025 година понеделник во 12:00 часот во ТЦ Рамстор Мол пред маркетот , а ќе биде контролирано од комисија составена од еден претставник од Рамсторе и Нотар.

5. Еднаш искористена фискална сметка, не може повторно да учествува во наградната игра.

6. Фондот на награди за наведениот период е ограничен и се состои во доделување на: 1 (една) главна награда автомобил МГ- 970,260.00 денари, 2 мобилни уреди ( 1 телефон и 1 таблет) во вредност од 26.980,00 денари, 1 (еден) велосипед Макс – 14.950,00 денари, 100 ваучери од по 3.000,00.

7. Секој учесник во наградната игра, со самото учество се согласува дека доколку биде извлечен како добитник на една од наградите неговото име и презиме може да биде објавено на официјалните Веб страни на Рамсторе Македонија.

8. Наградите можат да се подигнат веднаш, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на објавување на добитниците, во административните простории на Рамсторе Македонија на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје.

9. Добиената награда, неможе да се замени со друг/а и не постои никаков друг вид на надоместок.

10. Учесниците однапред се согласни со правилата на наградната игра.

11. Сите вработени во Рамстор Македонија ДОО, како и членовите на нивните потесни семејства не можат да учествуваат во наградната игра. Доколку учествуваат и добијат награда , наградата нема да се додели.

12. Во случај на неправилност и не придржување до пропишаните правила, организаторот Рамсторе Македонија го задржува правото да го дискфалификува учесникот.

13. Начин на учество во наградната игра:

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии / Ministria e Financave - Shkup
VI

**Чекор 1**

Да приложи фискална сметка со износ еднаков или повисок од 1000.00 денари направени во Рамсторе маркетите или Рамстор Мол на инфо пултовите при што добива награден купон. Купонот треба да биде пополнет од страна на потрошувачот со следниве лични податоци: Име и презиме, адреса, контакт телефон,број на фискална сметка, како и изјава за користење на лични податоци и уфрлен во посебно обележани и ставени на видно место кутии во маркетите и на инфо пултот во Рамстор мол.

Доколку се направи сметка од 1000.00 денари или повеќе и се искористат поените и со тоа се намали сметката под 1000.00 денари учесникот не ги исполнува условите за да добие купон и да учествува во наградната игра.

Појаснување:

- За сметка од 1000 до 1999 денари, купувачот добива еден награден купон
- За сметка од 2000 до 2999 денари, купувачот добива два нагрдани купони
- За сметка од 3000 до 3999 денари, купувачот добива три наградни купони итн, т.е. за секои дополнителни 1000 денари се добива дополнителен награден купон.

**Чекор 2**

По извршена верификација на фискалната сметка/и, одговорното лице го доделува потребниот број на наградни купони.

**Чекор 3**

Потрошувачот ќе треба да ги пополни сите податоци во наградните купони, истите да ги уфрли во кутиите најдоцна до 14.12.2025 до 22:00 часот по што кутиите ќе бидат затворени, и да ги чува фискалните сметки наведени во наградниот купон се до завршување на извлекувањето.

По затворањето на кутиите поставени во секој Рамсторе маркет или Рамсторе Мол, кутиите од сите маркети на Рамсторе и Рамсторе Мол, ќе се доставaт на локацијата одредена каде што ќе се врши извлекувањето , по што сите купони ќе бидат префрлени во еден голем сад од каде ќе се изврши извлекувањето во Трговскиот центар Рамсторе мол пред маркетот.

**Чекор 4**

На ден 19.12.2025 во 12:00 часот во Рамсторе Мол, лоциран на ул. Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје пред маркетот, ќе се изврши јавно извлекување на наградите во присуство на два члена комисија составена од Нотар и еден претставник од Рамсторе Македонија.

Извлекувањето ќе се врши рачно од страна на една или две хостеси.

Член 4.3

**Начин на доделување на наградите**

- Извлекувањето ќе биде јавно.
- Извлекувањето на наградите ќе се изврши на 19.12.2025г. 12:00 часот.
- Дополнително ќе бидат извлечени уште 15 потенцијални добитници кои ќе бидат заведени во посебна листа за дополнителни потенцијални добитници и тоа:

- За I, главна награда: 2 резервни добитници
- За II награда: за телефон 1 резервен добитник, за таблет 1 резервен добитник
- За III награда: 1 резервен добитник
- За IV награда: 10 резервни добитници

- Доколку некој од добитниците биде присутен на јавното извлекување, подигнувањето на наградата може да ги изврши веднаш по проверка на веродостојноста на податоците
- Секој од добитниците телефонски ќе биде известен од страна на Организаторот за добиената награда и истата ќе може да ја подигне во рок од 60 дена од денот на извлекувањето, во административните простории на Рамсторе Македонија на ул. Гане Тодоровски бр.32, Скопје.
- После истекот на предвидениот рок, Организаторот нема никаква одговорност околу наградите.
- Добитникот на наградата при подигање на наградите треба да приложи валиден документ за идентификација и да ги покаже фискалните сметки наведени во наградниот купон. Доколку при идентификација на добитникот се утврди дека не ги исполнува условите за учество во наградната игра согласно наведените правила, наградата ќе биде доделена на следниот добитник кој е на посебната листа на дополнителни потенцијални добитници.

- Доколку добитникот и сите дополнителни потенцијални добитници го изгубат правото на наградата, истата се смета дека не е подигната и останува во сопственост и располагање на Организаторот.
- Организаторот ќе го плати персоналниот данок на добитникот. Добитникот не може да ја пренесе наградата.

- Списокот на добитници ќе биде објавен на официјалната веб страна на Рамсторе Македонија www.ramstore.com.mk, веднаш по завршување на извлекувањето, а најдоцна во рок од 3 дена.

Член 4.4

**Одговорност**

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од организаторот.
- Организаторот ќе биде одговорен до моментот на подигнување на наградите од страна на добитниците.
- Со плаќање на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.
- Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користење на наградите , како и плаќање по основ на штети или тужби кои на некаков начин се поврзани со користење на наградите.

**Член 5**

**ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Право на учество во наградната игра има секое полнолетно физичко лице (со наполнети 18 години), освен лицата кои се вработени кај Организаторот Рамсторе Македонија ДОО и членовите на нивните потесни семејства (родители и деца, брат, сестра, сопруг или сопруга)

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

## Член 6

## ИЗВЕСТУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ЗА ОФИЦИЈАЛНИТЕ ПРАВИЛА

Официјалните правила на наградната игра по добивањето согласност од Министерството за финансии пред започнување на наградната игра, ќе бидат објавени на web страната на Организаторот www.ramstore.com.mk, како и на информативните пултотови во секој Рамсторе маркет.
Учесниците во Наградната игра, за Официјалните правила на играта ќе можат да се информираат преку информативно–рекламните материјали кои ќе бидат поставени на видни места во секој Рамсторе маркет, печатени и електронски медиуми (телевизии, радиа, портали, банери, постери, флаери и сл).

## Член 7

## НАГРАДЕН ФОНД

Член 7.1

**Награди од наградната игра**

Наградниот фонд се состои од:

| НАГРАДА | НАЗИВ | ПОЕДИНЕЧНА ВРЕДНОСТ ВО ДЕНАРИ | КОЛИЧИНА | ДДВ | ДДВ во ден. | ВКУПНА ВРЕДНОСТ СО ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I Главна награда | Автомобил MG ZS STANDARD | 822,254.24 | **1** | 18.00% | 148,005.76 | **970,260.00** |
| II Награда | Tphone 3 - телефон | 10,161.02 | **1** | 18.00% | 1,828.98 | **11,990.00** |
| | T Tablet - таблет | 12,703.39 | **1** | 18.00% | 2,286.61 | **14,990.00** |
| III Награда | Велосипед 27,5'', MACKOT, MTБ | 12,669.49 | **1** | 18.00% | 2,281.00 | **14,950.00** |
| IV Награда | Рамстор ваучер за пазарење | 3,000.00 | **100** | 0.00% | 0.00 | **300,000.00** |

Наградниот фонд е вкупно 1.312,190.00 ден.

Истиот ќе биде доделен на добитниците во вид на автомобил, мобилни уреди, велосипед и ваучери за пазарење во Рамсторе маркетите.

## Член 8

## ДАНОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ

Даночните обврски за добитниците на награда ги плаќа Организаторот на Наградната игра во име и за сметка на добитникот.

## Член 9

## СПОРОВИ КОИ БИ МОЖЕЛЕ ДА НАСТАНАТ ВО ТЕКОТ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Во текот на Наградната игра може да дојде до спор помеѓу Организаторот и учесниците во Наградната игра. Спор може да настане во случај ако некоја од наведените страни не се придржува кон Официјалните правила на Наградната игра кои се погоре образложени.
Во случај на било каков спор меѓу Организаторот и Учесниците во наградната игра, таквиот спор ќе биде решен на мирољубива основа.

## Член 10

## РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИГОВОР

Секој учесник има право на приговор во рок од 8 дена од денот на завршувањето на наградната игра
Организаторот на Наградната игра ќе одговори на приговорот во рок од 5 дена од денот на приемот на истиот.

Рамсторе Македонија Доо Скопје

Управител
Даниела Адемоска